Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина - Скопје

[redacted]

ИП1 бр.29-477
09.06.2025г.
Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и простророно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 200 став (1) точка 9 и став (2) од Законот за животна средина ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и "Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 171/2022), по извршениот вонреден инспекциски надзор во мобилната инсталација за пескарење на метал на ДГТУ. Алфа Солушнс ДОО Кичево, која при надзорот беше лоцирана во кругот на ТЕ-ТО АД Скопје, застапувано од Управителот Бобан Трајкоски, а во врска со усмена преставка од граѓанин преку телефон прашина во околината на централата на гас ТЕ-ТО АД Скопје, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот за констатација ИП1 бр.29-477 од 04.06.2025г. донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) Се задолжува правниот субјект ДГТУ. ДГТУ. Алфа Солушнс ДОО Кичево, со деловно седиште на ул. 4-ти Јули бр.2 во Кичево, застапувано од управителот Бобан Трајковски :

**Да** изработи Елаборат за заштита на животна средина за мобилната инсталација за пескарење на метал, која при надзорот беше лоцирана во кругот на централата на природен гас ТЕ-ТО АД Скопје ул. Тодор Александров бр.8 во Гази Баба-Скопје, согласно чл. 24 од Законот за животна средина, а потоа Елаборатот да го достави до МЖСПП како би добил Решение за негово одобрување .

- Рок за отстранување на недостатоците е 90 (девеесет) дена од приемот на решението.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина согласно член 200 став (4) од Законот за животната средина утврди дека не се постапува согласно Решението и не се отстранат причините настанати со донесувањето на решението, ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган или суд, односно кривична постапка пред надлежен орган или суд.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина - Скопје

[redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и простророно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, по преставка од граѓанин испратена до ДИЖС преку моб.тел, во врска со појава на прашина во околината на комбинираната централа на природен гас за производство на електрична и топлинска енергија на ТЕ-ТО АД Скопје на ул. Тодор Александров бр.8 во Гази Баба-Скопје, ДИЖС на 09.06.2025 год. изврши вонреден инспекциски надзор во наведената централа при што констатирање дека централата не работи поради редовни годишни ремонтни активности кои се одвиваат во периодот од 01.05.2025 до 15.06.20245 год. При тоа во овој период во кругот на централата фирмата ДГТУ. Алфа Солушнс ДОО Кичево во затворен простор од страна и покриен со церадно платно вршела пескарење (чистење) на турбините на централата. За оваа активност е склучен договор помеѓу ТЕ-ТО АД Скопје и ДГТУ. Алфа Солушнс ДОО Кичево чиј предмет на договорот е наведен во членот 1 од договорот " Ремонтни активности-пескарење на машински делови на парната турбина". Како материјал за пескарење според договорот се употребувал Кварц ( Силициум диоксид- $SiO_2$ ), со гранулација помала од 0,1 мм. Во трање од 10 дена. Постапката на пескарење е завршена на 30.05.2025 год. При надзорот е утврдено дека ДГТУ. Алфа Солушнс ДОО Кичево нема изработено елаборат за заштита на животната средина за мобилната инсталација за пескарење на метали.

За наведената дејност нема изработено елаборат за животна средина согласно чл. 24 од Законот за животна средина.

Поради горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 29-477 од 09.06.2025 год.

Доставено до :
- Архива
- ДГТУ. Алфа Солушнс ДОО Кичево
  ул. 4-ти Јули бр.2 во Кичево